Бр. 03-303/1

Скопје, 23.06.2022

Врз основа на член 49 став (2) и член 55 став (2) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), а во врска со член 41 став (1) од Законот за заштита на личните податоци („Сл. весник на Република Северна Македонија" бр. 42/2020), директорот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**определување на овластени лица за заштита на личните податоци**

1. Се определуваат лицата вработени во Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ), **Марија Петковска** и **Елена Стојанова** за овластени лица за заштита на личните податоци односно офицери за заштита на личните податоци.

2. Се задолжуваат лицата од точка 1 на ова решение да ги вршат следните работи:

   - го информираат и советуваат контролорот (КОВЗРГ) и вработените во КОВЗРГ кои вршат обработка соодветно на нивните обврки според одредбите од Законот за заштита на личните податоци;
   - ја следат усогласеноста со Заонот за заштита на личните податоци, со други засегнати закони коие се однесуваат на заштитата на личните податоци во Рпублика Северна Македонија, како и со политиките на котролорот КОВЗРГ во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи рапределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои учествуваат во операциите на обрабтока, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
   - каде што е потребно, даваат совети во однос на проценаата на влијанието на заштитата на личните податоци и го следат извршувањето на проценаата во согласност со член 39 од Законот за заштита на личните податоци;
   - дејствуваат како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходнаата консултација од членот 40 од Законот за заштита на личните податоци, како и советување според потребите за сите други прашања.



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка" бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

3. Овластените лица се должни при извршување на своите работи да ги зема предвид ризиците поврзани со операциите на обработката, како и природата, обемот, контекстот и целите на обработката кај контролорот и одговара пред КОВЗРГ.

4. Ова решение влегува во сила од денот на донесување.

**Директор**
**м-р Даријан Сотировски**

Доставено до:

- Именуваните
- Одделение за административна поддршка
- Архива на КОВЗРГ



Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи
+389 2 3226 777
www.kovz.gov.mk

КОВЗРГ
КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ

Ул. „Бихаќка“ бр. 2
Палата Емануел Чучков
влез 1 кат 2, 1000 Скопје
Република Северна Македонија